## Служби за пријавување

# против расизам

## и поддршка



# Што е расизам?



# Расизам е кога некој е неправедно третиран поради неговата **раса**, **боја на кожа**, **етничка припадност** или **религија**.

## Примери вклучуваат:

**Во продавници или при користење услуги:** Се чувствувате непожелно, неуслужено или ве следи обезбедувањето.

**На работа:** Не добивате интервју за работа или унапредување поради вашата раса, бојата на кожата, етничката припадност или религијата.

**На јавни места:** Ве нарекуваат со навредливи имиња, агресивно се однесуваат кон вас, бараат да покажете билет за воз или трамвај кога од другите не се бара тоа.

**Во училиште:** Ве малтретираат поради вашиот изглед, поради она што го јадете или облеката што ја носите, ве прават да се чувствувате различно од другите ученици или кога наставниците не се спротивставуваат на расизмот кога тој се случува.

**Домување:** Одбиваат да ви издадат имот под кирија или да ви продадат имот поради вашата раса, бојата на кожата, етничката припадност или религијата.

**Онлајн:** Пораки или објави на омраза на социјалните медиуми или примање имејли со расистичка содржина.

Информациите се добиени од Австралиската комисија за човекови права

# Пријавете расизам. Добијте поддршка.

Во зависност од вашата ситуација, постојат различни начини да пријавите расизам или да побарате поддршка за себе или за некој друг што се соочува со расизам.

Ве охрабруваме да соберете што е можно повеќе информации за инцидентот Меѓутоа, не мора да ги имате сите информации за да побарате поддршка или да поднесете жалба.

Вашата безбедност и благосостојба секогаш треба да бидат на прво место за време на инцидент.

| Пример | Што е следно? | Побарајте поддршка или жалете се |
|---|---|---|
| Доколку доживеете неправеден третман во продавници како што се ресторани, банки и малопродажни објекти | Запишете:<br>• Каде и кога се случило<br>• Кој бил вклучен (име, улога, опис на лицето)<br>• Сведоци и нивните контактни информации | • Управата на продавницата или центарот (доколку е можно)<br>• Локален правен центар на заедницата<br>• VEOHRC или служба за поддршка против расизмот |
| Ако доживеете неправеден третман на работа или кога барате работа | Соберете информации за:<br>• Каде и кога се случило<br>• Колку често се случувало<br>• Кој бил вклучен (име, улога на персоналот)<br>• Сведоци и нивните контактни информации | • Вашиот менаџер или одделот за човечки ресурси - HR (доколку сте вработен)<br>• VEOHRC или служба за поддршка против расизмот<br>• Fair Work Commission (Комисијата за праведност на работа) или вашиот синдикат (доколку сте вработен)<br>• Локален правен центар на заедницата |



| Пример | Што е следно? | Побарајте поддршка или жалете се |
| --- | --- | --- |
| Доколку доживеете вознемирување или дискриминација во јавен превоз (воз, трамвај, автобус, такси, авиокомпании) | Запишете:<br>• Каде и кога се случило<br>• Кој бил вклучен (име, улога, опис на лицето)<br>• Железничка линија или трамвајска рута, број на автобус или такси<br>• Сведоци и нивните контактни информациин | • Испратете SMS порака со текст STOPIT на 0499 455 455 (само за автобус, воз и трамвај)<br>• Операторот на јавниот превоз (доколку е можно)<br>• Омбудсман за јавен превоз (само за автобус, воз и трамвај)<br>• Локален правен центар на заедницата<br>• VEOHRC или служба за поддршка против расизмот |
| Доколку доживеете физички напад или насилство, оштетување на имот, вознемирување или добиете пораки на омраза | Соберете информации за:<br>• Каде и кога се случило<br>• Кој бил вклучен (име, опис на лицето)<br>• Дополнителни информации, како што се регистрација на возило, марка и модел<br>• Сведоци и нивните контактни информации | • Пријавете кривично дело мотивирано од предрасуди<br>• Три нули (000) ако ситуација е итна<br>• Полициска линија за помош (131 444)<br>• Локални полициски станици<br>• Crime Stoppers (1800 333 000) за анонимно пријавување |

# Служби за пријавување против расизам и поддршка

### Комисија за еднакви можности и човекови права на Викторија (Victorian Equal Opportunity & Human Rights Commission) (VEOHRC)

За општи информации или за поднесување официјална жалба што ќе биде испитана; VEOHRC може да понуди бесплатна услуга за помирување за да се реши проблемот.

1300 292 153

www.humanrights.vic.gov.au/complaints/make-a-complaint

Користете ја Алатката за пријавување од заедницата (Community Reporting Tool) за да го споделите вашето искуство со VEOHRC; можете да останете анонимни или да побарате поддршка.

www.humanrights.vic.gov.au/get-help/community-reporting-tool

---

### ICV Служба за поддршка при исламофобија

Пријавете и добијте поединечна поддршка откако ќе искусите исламофобија.

(03) 9328 2067

www.icv.org.au/islamophobia-support

islamophobiasupport@icv.org.au

## Викториската група за безбедност на заедницата (The Victorian Community Security Group - CSG)

Пријавете инцидент или чин на антисемитизам.

1300 000 274 или преку апликацијата Jewish Emergency App (JEAP - обезбедува обезбедување или медицински одговор во време на вонредна состојба).

---

## Northern Community Legal Centre

Правната служба Northern Community Legal Centre нуди бесплатни правни услуги за луѓето во Hume, Merri-bek and Mitchell Shire. Може да даде совети за тоа како да поднесете жалба за расизам и дискриминација и што може да се случи откако ќе поднесете жалба.

(03) 9310 4376

www.northernclc.org.au

admin@northernclc.org.au

---

## Центар за муслиманска благосостојба (Centre for Muslim Wellbeing - CMW)

Навигаторот на CMW им помага на членовите на заедницата да се снајдат низ системот за здравство и услуги и ги упатува членовите на заедницата до соодветни и акредитирани даватели на услуги.

0472 668 010

www.cmw.org.au

admin@cmw.org.au

---

## Whittlesea Community Connections (WCC)

WCC може да обезбеди информации, поддршка и упатување откако ќе се обелодени расизам и дискриминација.

Правната служба може да даде совети за тоа како да поднесете жалба за расизам и дискриминација и како да се снајдете при процесот на пријавување.

(03) 9401 6666

www.whittleseacommunityconnections.org.au

admin@whittleseacc.org.au

## Partners in Wellbeing

(моментално финансирани до јуни 2026 година)

Служба за обука за благосостојба преку телефон за подобрување на вашата благосостојба, развивање стратегии за справување со ситауции и обезбедување емоционална поддршка.

1300 375 330

www.partnersinwellbeing.org.au/contact

---

## Fair Work Commission - FWC (Комисија за праведност на работа)

FWC е независен трибунал кој се занимава со прашања поврзани со односите на работното место. Помага во решавањето на вообичаени спорови, вклучувајќи дискриминација и малтретирање, преку посредување, помирување и арбитража. Во некои случаи може да се наплати надомест.

1300 799 675

www.fwc.gov.au

melbourne@fwc.gov.au

---

## Омбудсман за јавен превоз (Public Transport Ombudsman)

Омбудсманот за јавен превоз е бесплатна и независна служба за решавање на жалби за јавен превоз и помага да се подобри системот за сите. Прво треба да поднесете жалба до операторот на јавниот превоз пред да одите кај омбудсманот за нерешени или незадоволителни спорови.

1800 466 865

www.ptovic.com.au/complaints/make-a-complaint

---

## Омбудсман на Викторија (Victorian Ombudsman)

Поднесете жалба за дејство или одлука од страна на јавна организација во Викторија која ги прекршила вашите човекови права или не ги разгледала правилно. Ова ги вклучува локалните општини (Councils), владините организации, универзитетите и TAFE (освен полицијата на Викторија).

www.ombudsman.vic.gov.au/complaints

## Полицијата на Викторија (Victoria Police)

Пријавете во полиција ако се случило кривично дело поради предрасуди или омраза кон вашата раса, етничка припадност или религија (познато како кривично дело мотивирано од предрасуди). Ова вклучува заканувачко однесување, физички напад, насилство и оштетување на имот.

Можете да дознаете повеќе на www.police.vic.gov.au/prejudice-motivated-crime.

---

За **итни случаи**, за пријавување на кривично дело кое е во тек или за итно присуство на полицијата

Три нули **(000)**

---

За **не итни кривични дела**, можете да

a. Одите во вашите локални полициски станици

   www.police.vic.gov.au/police-station-location

b. Се јавите на линијата за полициска помош (Police Assistance Line)

   131 444

c. Се јавите на Crime Stoppers

   1800 333 000 www.crimestoppersvic.com.au/report-a-crime

---

## STOPIT

Служба за пријавување на сексуално вознемирување и антисоцијално однесување во јавниот превоз преку SMS пораки. Ќе добиете линк за да доставите дополнителни детали до посветен тим на полицијата на Викторија кој може да го истражи проблемот.

Испратете SMS порака: STOPIT на 0499 455 455

---

## Комесар за е-безбедност (E-Safety Commissioner)
(засајбер малтретирање - „cyberbullying“)

eSafety помага во отстранувањето на сериозни онлајн злоупотреби и нелегална и забранета содржина од интернетот.

www.esafety.gov.au/report/forms

# Услуги за луѓето од Првите нации (First Nations People)



**Комисија за еднакви можности и човекови права на Викторија (Victorian Equal Opportunity & Human Rights Commission) (VEOHRC)**

Персоналот е обучен да им помага на луѓето од Првите нации кога поднесуваат барање или жалба. Можете да побарате да разговарате со член од персоналот кој е од Првите нации.

За општи информации или за поднесување **официјална жалба** што ќе биде испитана; VEOHRC може да понуди бесплатна услуга за помирување за да се реши на проблемот.

1300 292 153

www.humanrights.vic.gov.au/complaints/make-a-complaint

---

Користете ја Алатката за пријавување од заедницата (Community Reporting Tool) за да го споделите вашето искуство со VEOHRC; можете да останете анонимни или да побарате поддршка.

www.humanrights.vic.gov.au/get-help/community-reporting-tool

## Јавно осудете инциденти

Едноставен и безбеден начин луѓето да пријавуваат инциденти на расизам и дискриминација кон народите на Првите Нации.

register.callitout.com.au

---

## 13YARN

Линија за поддршка во кризни ситуации за Абориџините и островјаните од теснецот Торес, достапна 24 часа, 7 дена во неделата.

13 92 76

---

## Dardi Munwurro

Линијата за кризни ситуации „Brother to Brother“ обезбедува телефонска поддршка за абориџинските мажи на кои им е потребен некој со кого може да разговараат за проблеми во врската, семејно насилство, родителство, проблеми со дрога и алкохол или кои тешко се справуваат со ситуацијата од други причини.

1800 435 799

---

## Здравствени услуги за Абориџини во Викторија

Yarning SafeNStrong е бесплатна и доверлива служба за советување за Абориџини и островјаните од теснецот Торес. Службата е достапна за луѓе и семејства на кои им е потребно да разговараат со некого за нивната благосостојба.

1800 959 563

ysns@vahs.org.au

## Можете да се обратите до вашата локална општина за повеќе информации за тоа како да пријавите расизам или да добиете поддршка ако вие или некој друг доживее расизам.

| | |
|---|---|
| City of Whittlesea | (03) 9217 2170 |
| HUME CITY COUNCIL | 0477 177 920 |
| Merri-bek City Council | (03) 9240 1111 |
| City of DAREBIN the place to live | (03) 8470 8365 |



Сите информации во оваа брошура се точни заклучно со јуни 2025 година.